**До: Институт на овластени ревизори на Република Северна Македонија**

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Од:** [redacted]
**Тел:** [redacted]
**E-mail:** [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: **Извештаите за контрола на квалитет од Комисија за контрола на квалитет на ревизорските услуги за периодот од 2009 до 2020 година.**

Информациите се потребни за изработка на магисетрски труд кој има за цел да ја анализира состојбата на квалитетот на друштвата за ревизија и процесот на контролата на квалитет на ревизорските ангажмани во нашата земја, на тема: **„Фактори кои влијаат врз квалитетот на работењето на екстерниот ревизор– случајот со Република Северна Македонија“.**

Извештаите ќе бидат употребени исклучиво за цели на истражувањето. Целта е со примена на научно фундирани методи да се креира слика за факторите кои влијаеле на квалитетот на ревизорските услуги во Република Северна Македонија.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- **електронски запис**

Начин на доставување на информацијата:

- **е-маил:** [redacted]

**Потпис:**
[redacted]

**Во Скопје 10.02.2022 година.**

Врз основа на член 19 од Законот за ревизија, член 5 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ), Одлуката на Управниот одбор на ИОРРСМ за определување на раководно службено лице за посредување со информации од јавен карактер (бр. 0202-320/08 од ден 24.09.2020), член 24 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015) и член 3, член 8 и член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), во врска со барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од подносител [redacted] од Скопје, раководното службено лице на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (во натамошниот текст ИОРРСМ), на ден 15.02.2022 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**За прифаќање на барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со архивски број 0302-75/01 од 10.02.2022 година од подносител [redacted] **СЕ ПРИФАЌА.**
2. За горенаведеното Барање да се достави одговор на барателот на информацијата од јавен карактер.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

***Образложение***

На ден 10.02.2022 година, во ИОРРСМ пристигна барање од барателот на информации [redacted] со кое бара информација од јавен карактер: Годишни извештаи од извршените контроли на квалитетот од 2009 до 2020 година, јавно достапни.

По барањето постапуваше раководното службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Татјана Тодоровска и одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Татјана Тодоровска

Генерален секретар на ИОРРСМ

Доставено до:

- Подносителот
- Архива ИОРРСМ

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ИОРРСМ СКОПЈЕ